# Уништување на Змејот



Восхитувачка авантура

*Водич низ Библијата*

Замисли си како шеташ низ густите и влажни џунгли на некој остров во Индонезија. Едвај се пробиваш низ големите и бујни лисја што израснале на тој пат. И тогаш, одненадеж, се сретнуваш лице в лице со змеј! (Добро, тоа не е вистински змеј, но, дефинитивно изгледа така.) Всушност, тоа е најголемиот гуштер на светот, наречен Комодо змеј. Тој може да порасне и до 10 метри во должина, и јаде сè: од риба до бивол, па дури и малечки Комодо змејови!



Во семејството Комодо не постои ниту лојалност, ниту љубов. Кога женките ќе ги снесат своите јајца, тие никогаш повеќе не се враќаат за да се грижат за нив - а бебињата, веднаш по испилувањето, мораат брзо да потрчаат и да се искачат на првото дрво, пред некој возрасен Комодо да ги изеде за ручек! А вие, сигурно не сакате да бидете гризнати од Комодо змеј. Неговата уста е полна со смртоносни бактерии, така што пленот, и да им избега, доколку бил гризнат, ќе умре од труење. (Комодо змејовите сигурно никогаш не си ги мијат забите!)

За среќа, не треба да се грижиме дека ќе се најдеме лице в лице со Комодо. Но, знаете ли дека сите ние мора да се соочиме со еден друг змеј, што е уште посуров од Комодо? Тоа е вистина! Библијата ни кажува за еден змеј кој прави сè за да нè уништи. Тој е наречен „големиот црвен змеј“ (Откровение 12,3).

*Но, кој е овој змеј? Од каде дошол? И што има тој против нас?* Ајде да ја отвориме Библијата и да започнеме една нова, неверојатна авантура низ Божјиот збор, Библијата. Додека ја истражуваме оваа важна тема ќе откриеме многу богатства на вистината.




**Одговор:** има четиринаесет жаби и две гуштерчиња.



Овој смртоносен змеј не сака да знаеме за тајните оружја кои ни стојат на располагање, а со кои можеме да се заштитиме од него. Затоа, пред да ја започнеме оваа авантура, треба да се помолиме, барајќи Бог да ни помогне да ја разбереме оваа витална тема. Еве како би можел да се помолиш:

*„Драги Боже, Те молам помогни ми да ја разберам оваа лекција и да дознаам што треба да сторам за да го победам змејот. Во името на Исус, те молам. Амин“.*

Сега, ајде да почнеме од почеток...

## 1 Кој е овој змеј и од каде дошол?

ОДГОВОР: ***„Го видов сатаната како падна од небото, како молња“ (Лука 10,18). „И беше исфрлен големиот змев, старата змија, наречена ѓавол и сатана, која го заведува целиот свет; беше исфрлен на земјата, и неговите ангели беа исфрлени со него“ (Откровение 12,9).***

Неверојатно! Змејот не е никој друг, туку самиот ѓавол - и што е уште поинтересно, тој некогаш живеел на небото, но некако бил исфрлен оттаму!

### Што ни кажува овој цитат од Библијата за другите имиња на овој змеј?

***„... старата _______________ ,***

***наречена _____________ и сатана.“***

### Брзи факти

Електричната јагула, која живее во длабоките, кривулести реки на Амазон, може да создаде електричен шок од 500 волти! Оваа „молња“ е доволно силна за да шокира коњ. Ѓаволот, исто така, има моќ да ги парализира своите жртви, пред да ги уништи! Затоа внимавај каде одиш!



### Овој крстозбор содржи други имиња за сатаната.

(Побарај ги стиховите во твојата Библија)

**ХОРИЗОНТАЛНО**
- **1.** Откровение 12,10
- **3.** Откровение 12,9
- **6.** 1. Мојсеева 3,1
- **7.** Матеј 4,1
- **9.** Откровение 9,11
- **10.** Матеј 13,19
- **11.** Матеј 13,39
- **12.** Исаија 14,12

**ВЕРТИКАЛНО**
- **2.** 1. Петрово 5,8
- **5.** Јов 1,6-9
- **3.** Матеј 4,3
- **4.** Матеј 12,24
- **8.** Јован 8,44






### Брзи факти

Идејата дека кожата на сатаната е црвена и дека тој има рогови и опашка, доаѓа од паганската митологија. Оваа измислица му годи на сатаната, зашто поради неа луѓето мислат дека ѓаволот е само шега и не го препознаваат начинот на кој тој дејствува.

**Одговор:**
**ХОРИЗОНТАЛНО** - 1. Обвинител 3. Лукавиот 6. Луцифер (Светлоносец) 7. Непријател 9. Змија 10. Змеј 11. Ѓавол 12. Аполион
**ВЕРТИКАЛНО** - 2. Искушувач 5. Противник 3. Лажец 4. Велзевул 8. Сатана

# Кој го создал ѓаволот? Дали тој навистина е змеј?

ОДГОВОР: ***„Кога беше создаден... Те поставив како раскрилен херувим, заштитник.“ (Езекиел 28,13.14) „Како падна од небото Деницо (Светлоносецу*), сине Зорин? … Зборуваше во своето срце: ‘Ќе се искачам на небесата, над Божјите ѕвезди ќе си издигнам престол за себе. … ќе бидам еднаков со Сѐвишниот“ (Исаија 14,12–14).***

**Според Библијата, како се викал сатаната пред да биде исфрлен од небото?**

***„_________________, сине Зорин!“***



*Луцифер почнал да мисли само за себе*

Ова станува сѐ поинтересно, зар не? Библијата нѐ известува дека Бог не го создал ѓаволот. Напротив, Тој создал прекрасен ангел по име Луцифер, кој имал привилегија да стои веднаш до Божјиот престол. Тој не бил грд змеј, ниту чудовиште со крилја од лилјак. Тој бил најзначајниот, најубавиот ангел на небото. И, за долго време, сѐ било совршено и сите биле среќни. Но, тогаш се случило нешто. Луцифер почнал да мисли само за себе. Колку повеќе размислувал за својата убавина и сила, станувал сѐ посебичен и понесреќен. Почнал да чувствува дека заслужува повисока положба, верувал дури дека би можел да владее со вселената подобро од Бога. Затоа почнал да зборува лоши работи за Бога помеѓу другите ангели, сѐ додека не избил отворен бунт на небото.

* „Светлоносец“ е превод од „Луцифер“

# Како дошло до промена кај Луцифер?

Одговор: ***„Совршен беше по своите патишта од денот на своето создавање додека не ти се зачна беззаконие во срцето… се наполни со насилство и згреши… Срцето ти се возгордеа заради твојата убавина“ (Езекиел 28,15–17). „Зборуваше во своето срце:… ќе бидам еднаков со Сѐвишниот“ (Исаија 14,14).***






**Што вели Библијата, дали Бог создал зол ѓавол или совршен ангел?**

***„________________ беше по своите патишта од денот на своето создавање додека не ти се зачна беззаконие во срцето“ (Езекиел 28,15).***

Луцифер бил создаден совршен. (Бог никогаш не е немарен во работата.) Но, Луцифер одбра да се возгордее, поради својата убавина и големите способности кои Бог му ги даде. Тој повеќе не беше среќен, туку стана обземен со размислување за себеси. Особено беше љубоморен на Исус, и посака да се возодигне до нивото на Бога, кого сите ангели го обожаваат.

Тоа е како да одлучиш да го заземеш местото на својот татко или мајка - или, кога некој ученик во твоето училиште би одлучил да се прогласи за наставник, за сите да го слушаат само него! Што мислиш, што би се случило тогаш?

Можеби ќе помислиш: „Дали Бог направил грешка кога го создал Луцифер?“ Или: „ако Бог е толку моќен, зошто не го присили Луцифер да го сака и почитува?“ Но, ако некој се обидува да те присили да го сакаш, па... тоа не е љубов. Луцифер тогаш би бил како робот кој постојано повторува: „Те сакам Боже, те сакам Боже...“, но никогаш не го кажува тоа од срце. Знаеш, роботите не можат вистински да љубат.

## 4 Колку ангели му се приклучиле на Луцифер во бунтот против Бога?

Одговор: ***„И се покажа друг знак на небото, и ете, голем црвен змев. ... и неговата опашка повлече третина од небесните ѕвезди“ (Откровение 12,3.4).***

### Според симболиката на Библијата, што претставуваат ѕвездите?

***„Седумте ѕвезди се ____________ на седумте цркви“ (Откровение 1,20).***

Еве, тука е клучот што ќе ти помогне да ги отклучиш богатства на Библијата. Секогаш дозволи ѝ на Библијата да се толкува самата себе. Со други зборови, ако не разбираш еден стих, побарај и други стихови кои зборуваат за истиот предмет, за да го отклучиш неговото значење.

Стихот погоре ни дава совршена можност да го употребиме нашиот клуч. Во него се вели дека змејот (сатаната) „повлече една третина од небесните ѕвезди“. Кои се тие ѕвезди? Па, во Откровение 1,20 Библијата ни кажува дека ѕвездите можат да ги симболизираат ангелите. Значи, ако овие ѕвезди ги симболизираат ангелите, тоа би значело дека сатаната бил способен да измами една третина (33%) од сите ангели на небото, да се приклучат на неговиот бунт.

Тоа се многу ангели! Што мислиш, како ли се чувствувал Бог кога го видел Луцифер како зборува лаги за Него пред другите ангели? Дали некогаш, на училиште некој зборувал лаги за тебе, поради што другите деца да не сакале да се дружат со тебе? Ако е така, тогаш разбираш колку тажен мора да се чувствувал Бог.

### Отклучи ги богатствата на Библијата!

**Поврзи ги со линија симболите со нивното значење.**

| | |
|---|---|
| **Ѕвезди** | **Брзина, како кога војска е брза и силна** - 5. Мојсеева 28,49 |
| **Ветришта** | **Глад за вистината** - Амос 8,11 |
| **Крилја** | **Нација или друга моќна група луѓе** - Даниел 7,17.23 |
| **Меч** | **Област каде што има многу луѓе** - Откровение 17,15 |
| **Ѕвер** | **Ангели, или Божји гласници** - Откровение 1,16 |
| **Глад** | **Исус Христос, кој доаѓа да умре за нашите гревови** - Јован 1,29 |
| **Води** | **Судир, или борби меѓу луѓето** - Захарија 7,14 |
| **Јагне** | **Божјиот збор** - Евреите 4,12 |

# 5 Која беше последицата на бунтот на Луцифер?

Одговор: ***„И настана војна во небото; Михаило со своите ангели завојува против змевот. И змевот и неговите ангели завојуваа... И беше исфрлен големиот змев, старата змија, наречена ѓавол и сатана... беше исфрлен на земјата, и неговите ангели беа исфрлени со него“ (Откровение 12,7.9).***

Библијата вели дека кога сатаната беше исфрлен од небото, и лошите ангели:

***„беа*** ______________________ ***со него.“***

Војување на небото? Тоа е тешко дури и да се замисли! Небото беше толку среќно место, во кое сите се грижат еден за друг. Но, тврдоглавата себичност на Луцифер промени сè.

Тој не сакаше да ги слуша Божјите повици, полни со љубов. Наместо да биде среќен со сè што Бог му дал, овој моќен ангел одеше наоколу ширејќи лаги и поттикнувајќи сомнеж во Божјата љубов. Тој велеше дека Бог не е фер и дека никој не може навистина да ги држи Божјите закони.

Кога конечно изби војна, Луцифер и ангелите кои му се приклучија, беа исфрлени од небото. За да го врати мирот, Бог немаше друг избор. Ова предизвика голема тага на небото.

Луцифер сега беше наречен сатана, змеј и ѓавол. О, колкава болка создаде тоа во срцето на Бог, во срцето на Исус, а секако и во срцата на ангелите кои ги изгубија своите пријатели! Сите тие го сакаа Луцифер и ангелите кои беа исфрлени со него.



***Кој е посилен, Бог или сатаната?*** Ако Бог е помоќен, зошто едноставно не го уништил овој лош ангел, кога тој за прв пат покажал непослушност? Ако Господ го уништеше сатаната веднаш, постоеше опасност другите суштества на небото да почнат да му служат на Бога од страв, наместо од љубов. Господ знаеше дека е подобро да му дозволи на ѓаволот сам да се разоткрие и целиот универзум да се увери во неговиот зол карактер.

# 6 Како сатаната ги измамил луѓето да му се придружат во неговиот бунт?

Одговор: Бог тукушто ги создаде Адам и Ева, и ги постави да се грижат за нашиот убав, совршен свет (1. Мојсеева 1,28). Потоа, Тој ги предупреди: ***„да не јадеш од дрвото за познавање на доброто и злото! Во денот кога ќе јадеш од него, навистина ќе умреш“ (1. Мојсеева 2,17).***

Библијата вели дека казната за гревот е многу сериозна!

***„Која душа згреши, таа и ќе ____________“ (Езекиел 18,20).***



Бог им дозволи на Адам и Ева да јадат од сите вкусни плодови, освен од плодовите на едно дрво среде градината. Тоа требаше да биде тест за нивната љубов и послушност кон Бога. Сигурен сум дека Бог им објаснил на Адам и Ева да се вардат од Луцифер. Тие биле внимателно предупредени да не јадат од забранетото дрво.



**Поврзи ги точките за да видиш што употребил сатаната за да ја измами Ева да касне од плодот од забранетото дрво. Потоа, обој го цртежот.**



Еден ден сатаната, змејот, дојде во Едемската градина во облик на убава змија со крилја, која може да зборува (кога на почетокот, Бог ги создал, змиите биле прекрасни суштества). Змијата се смести во крошната на забранетото дрво и чекаше.

Што ќе направеше ***ти***, ако еден ден се најдеше во градината и одеднаш една убава змија почне да ти зборува?

Дали веднаш ќе избегаше или ќе почекаше да видиш што ќе се случи?

Сатаната ѝ рече на Ева: ***„Вистина ли е дека Бог рекол, - не ќе јадете од ниедно дрво во градината?“***

Ева одговори: ***„Смееме да јадеме плод од дрвјата во градината. Само за плодот на дрвото што е среде градината Бог рече: ‘Не јадете од него! И не допирајте го, за да не умрете.’“***

Ех, само кога Ева би избегала во тој час, наместо да зборува со змијата. Но, таа не избега.

Сатаната потоа ја излажа, велејќи: ***„Навистина, не ќе умрете! Туку Бог знае дека, во оној ден кога ќе јадете од него, ќе ви се отворат очите, и вие ќе бидете како Бога, распознавајќи го доброто и злото“ (1. Мојсеева 3,4.5).***

Сатаната ја искуша Ева да не верува на Божјиот збор! Ѓаволот ѝ рече дека таа ќе стане како Бог, знаејќи што е добро а што зло - и сè што треба да направи е да не го послуша Бога и да касне од забранетиот плод.

**Какво искушение!** Ева не разбираше целосно што е тоа „зло“, сè додека не одбра да ѝ верува на змијата, наместо на својот Бог, кој ја љуби. Откако таа касна од забранетиот плод, па му даде и на својот сопруг, обајцата наскоро спознаа што е тоа зло, болка, тага и смрт. Тие ја загубија својата невиност и среќа, својот близок однос со Бога. Сатаната ја презеде власта над овој свет, и бунтот, кој започна на небото, сега се прошири и на Земјата. (Прочитај ја целата сторија во 1. Мојсеева 2,14-3,24.)

*„Не знаете ли: ако некому му се предадете за робови во послушност -_о_о_и сте му на оној, кому му се _о_о_у_а_е“ (Римјаните 6,16).*

Нивниот грев им донесе страв од Бога, наместо љубов кон Бога. Никогаш претходно цвеќето не венееше, ниту лисјата паѓаа од дрвјата. Сатаната никогаш не им даде ништо подобро, како што ветуваше. Но, сега тие знаеја што е зло...

... и тоа не беше забавно.

Во светот пронајдени се фосили од големи летечки рептили наречени Птеросауруси или „летечки гуштери“. Тие живееле пред потопот на Ное, и многу од нив имале голем мозок. Некои имале распон на крилјата од 7,6 метри. Ова е причината зошто сите земји во светот имаат легенди за летечки змејови. Дали знаеше дека Библијата, исто така, зборува за „крилест змев“? (Исаија 14,29).

Брзи Факти

# 7 Зошто Адам и Ева не умреа веднаш штом каснаа од забранетиот плод?

Одговор: ***„Но Го гледаме Исуса ‘Кој беше направен само за малку понизок од ангелите’... ја вкуси смртта за сите“ (Евреите 2,9). „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој, кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот“ (Јован 3,16).***



**Што се случи откако Адам и Ева јадеа од плодот во Едем? Патувај низ лавиринтот по редот на настаните, за да на крајот стигнеш на небото!**

(Почни од центарот)




Бог - Таткото и Исус - Синот веќе имаа донесено одлука дека, ако луѓето бидат измамени од сатаната и станат непослушни, Исус ќе дојде и ќе ја преземе нивната казна - смртта, на себе. Ова ќе им даде уште една шанса да ја разберат Божјата љубов и да ги свртат срцата кон него, наместо да бидат засекогаш изгубени. Божјата љубов е толку голема што Тој направи план сопред кој, не само Адам и Ева, туку и ти и јас можеме да бидеме спасени.

Библијата кажува дека Исус дојде ***„за да им ги отвори очите, да се одвратат од темнината кон светлината, од сатанската власт кон Бог, за да примат проштавање на гревовите“ (Дела 26,18).***

## 8 Која ќе биде конечната казна на сатаната?



Одговор: ***„А ѓаволот, кој ги заблудуваше, беше фрлен во огненото и сулфурното езеро“ (Откровение 20,10). „Одете си од мене, проклети, во вечниот оган, приготвен за ѓаволот и за неговите ангели“ (Матеј 25,41).***



На крајот на светот, с _ _ _ _ _ _ _ и неговите _ _ _ _ _ _, конечно ќе бидат засекогаш уништени во _ _ _ _ _ _ _ _ езеро. Од нив ќе остане само пепел (Езекиел 28,18.19). „Големиот црвен змеј“ ќе исчезне засекогаш, и никогаш повеќе нема да има ѓавол да нѐ искушува. Сѐ ќе биде совршено и сите ќе бидат среќни.

## 9 Но, како можам до тогаш да бидам заштитен од искушенијата на ѓаволот?

Одговор: ***„Облечете се во сето Божјо оружје, за да можете да им се спротивставите на измамите на ѓаволот“ (Ефесјаните 6,11).***




Клинг-кланг… тоа бил звукот на средновековниот витез облечен во својот оклоп. За да се заштити во битките, витезот носел облека направена од мали метални прстени и плочки, кои поврзани меѓу себе, формирале еден голем метален панцир. Биле потребни, просечно, пет години за да се направи еден витешки панцир, а на витезот му бил потребен цел час за да го стави на себе. Дури и неговиот коњ морал да носи оклоп околу вратот и на главата. Но, кога еднаш оклопот ќе бил ставен, било скоро невозможно непријателите да го повредат витезот.

За да го победиме змејот, ѓаволот, ние мораме да го ставиме на себе **сето оружје Божјо.**

Кога ќе прочиташ ***Ефесјаните 6,11-18***, ќе забележиш листа на делови од војничка опрема. Во табелата подолу, употреби пет различни бои за да ги поврзеш: описот, делот од оружјето, и што симболизира тоа (едно е веќе обоено за да ти помогне). Потоа, во празните места на сликата, напиши што претставува секој дел од оружјето.




| Опис | Дел од оружјето | Што симболизира |
|---|---|---|
| Ги носиме за да ги заштитиме стапалата. | Оклоп | Вера |
| Нашата глава е безбедна поради ова. | Штит | Спасение |
| Ова ја штити половината. | Шлем | Божји збор |
| Го држиме пред себе за да се заштитиме од стрелите. | Меч | Вистина |
| Ги штити нашите гради од мечот на непријателот. | Појас | Евангелие на мирот |
| Ова служи за да се погуби змејот. | Чизми | Праведност |

**Дали сакаш да го следиш Исус и да го ставиш неговото оружје на себе, за да бидеш заштитен од змејот?** ____________




# Како можеш да се бориш против змејот?



Ако одговори со **„Да“** на бројот 10, изјавувајќи дека сакаш да бидеш пријател на Исус, тогаш ти си направил одличен избор! Исус успешно се борел против змејот, па може и нас да нè научи како да се бориме. Сега, почни да го ставаш на себе Божјото оружје -

***„Облечете се во сето Божјо оружје, за да можете да им се спротивставите на измамите на ѓаволот.“***
(Прочитај ***Ефесјаните 6,11–18!***)

## Еве како можеш да го поразиш змејот со Исусова помош:

1. Читај ја твојата Библија секој ден. Таа е како меч со две острици, кој може да го победи ѓаволот (Евреите 4,12).

2. Препашај ја половината со вистина. ***„Твојот Збор е вистина“ (Псалм 119,160).*** Ние ќе дознаеме уште повеќе библиски вистини во следните лекции.

3. Земи го штитот на верата, кој може да ги сопре огнените стрели на ѓаволот. Верувај во она што го читаш во Библијата и она што вели Бог. Да веруваш, значи да имаш вера.

4. Одлучи да го следиш Бога. Кога му веруваш и си му послушен на Бога, ти, всушност, го ставаш на себе Божјото оружје и ќе бидеш способен да го поразиш змејот.

***Дали уживаше во оваа лекција?*** Се надеваме дека е така!
Провери го сега своето знаење со **КВИЗ ПРАШАЊАТА.**



# Квиз прашања

Прочитај ја лекцијата пред да одговориш на прашањата. Внимавај, некои прашања имаат повеќе точни одговори. Бројот на точни одговори за секое прашање е означен со црвена боја.

**1. Каде живеел Луцифер пред да згреши? (1)**

- ○ а) на Марс
- ○ б) на Земјата
- ○ в) на небото
- ○ г) на некоја друга планета

**2. Луцифер не бил задоволен и сакал да биде: (1)**

- ○ а) змеј
- ○ б) астронаут
- ○ в) моќен како Бог
- ○ г) змија

**3. Луцифер сега се вика: (4)**

- ○ а) змеј
- ○ б) Бог
- ○ в) сатана
- ○ г) змија
- ○ д) претседател
- ○ ѓ) ѓавол

**4. Што донесоа гревот и сатаната на овој свет? (3)**

- ○ а) вечен живот
- ○ б) болести и смрт
- ○ в) луѓето, растенијата и животните
- ○ г) слобода
- ○ д) одвоеност и страв од Бога
- ○ ѓ) себичност

**5. На линијата напиши „С“ за сатаната или „Б“ за Бога**

___ создаде сѐ совршено и убаво

___ ги искуша Адам и Ева кон непослушност

___ го измамува целиот свет

___ нѐ создаде нас и сѐ што е во светот

___ го даде својот скапоцен Син да умре за да ја преземе нашата казна

___ ја извртува вистината и кажува лаги

___ ќе биде изгорен на крајот на светот

___ се грижи само за себе и гледа само да го добие она што тој го сака

___ нѐ љуби и сака ние да бидеме слободни и среќни.



# Твои коментари:

## 6. Кои нови работи ги откри во оваа лекција?

________________________________________

________________________________________

________________________________________

## 7. Дали сакаш да се бориш против змејот со помош на Исус и неговото оружје?

____________________

**Одговори:**

1. Каде живеел Луцифер пред да згреши?
   **в)** на небото

2. Луцифер не бил задоволен и сакал да биде:
   **в)** моќен како Бог

3. Луцифер сега се вика:
   **а)** змеј
   **в)** сатана
   **г)** змија
   **ѓ)** ѓавол

4. Што донесоа гревот и сатаната на овој свет?
   **б)** болести и смрт
   **д)** одвоеност и страв од Бога
   **ѓ)** себичност

5. На линијата напиши „С“ за сатаната или „Б“ за Бога
   **Б** - создаде сѐ совршено и убаво
   **С** - ги искуша Адам и Ева кон непослушност
   **С** - го измамува целиот свет
   **Б** - нѐ создаде нас и сѐ што е во светот
   **Б** - го даде својот скапоцен Син да умре за да ја понесе нашата казна
   **С** - ја извртува вистината и кажува лаги
   **С** - ќе биде изгорен на крајот на светот
   **С** - се грижи само за себе и гледа само да го добие она што тој го сака
   **Б** - нѐ љуби и сака ние да бидеме слободни и среќни.

Твоето име и презиме ______________________________

Твојата адреса ______________________________

Одобрение од родител / старател ____________________ __________
*име и презиме* *потпис*

ВОСХИТУВАЧКИ ФАКТИ

Откако ќе ги одговориш сите прашања, исечи го листов и испрати го на нашата адреса:

**Дописна библиска школа, Поштенски фах 215, 1001 Скопје**

и очекувај ја следната лекција!